Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/2013, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 23.08.2021 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ ЛУПД за комплекс „Старо школо“ со намена В3 – култура во с. Градец, КО Градец, општина Крива Паланка, која се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **www.krivapalanka.gov.mk**.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 од Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ЛУПД за комплекс „Старо школо“ со намена В3 – култура во с. Градец, КО Градец, општина Крива Паланка, нема да има влијание врз животната средина;
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 29-2623/1 од 23.08.2021
Место: Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Борјанчо Мицевски